Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), и член 27 од Законот за управување со кризи, („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр215/21), директорот на Центарот за управување со кризи, донесе

# ПРАВИЛНИК

за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи

## Член 1

Со овој Правилник се врши дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-2124/1 од 05.08.2015 година, Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-2531/1 од 24.06.2021 година и Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи бр. 01-2531/5 од 09.07.2021 година и тоа:

## Член 2

Во Член 4 осмиот пасус „СЕКТОР ЗА ОПЕРАЦИИ И КООРДИНАЦИЈА” во чиј состав се следните одделенија:

-Одделение за дежурен оперативен центар (ДОЦ) и криптозаштита;
-Одделение за оперативна координација,подготвка на субјектите во Системот за управување со кризи и евиденција на ресурси,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности Регионален центар за управување со кризи Град Скопје,

-Подрачно одделение – Регионален центар за управување со кризи Центар ,
-Подрачно одделение – Регионален центар за управување со кризи Кисела Вода,
-Подрачно одделение – Регионален центар за управување со кризи Карпош,
-Подрачно одделение – Регионален центар за управување со кризи Гази Баба,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Чаир,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности-РЦУК Куманово,

-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Крива Паланка,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Кратово

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности-Штип,

-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Кочани,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Берово,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Делчево,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Виница,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Пробиштип,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности-Струмица,

-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Радовиш,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Гевгелија,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Валандово,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности-Велес,

-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Кавадарци,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Неготино,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Свети Николе,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности-Битола,

-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Прилеп
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Ресен,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Демир Хисар,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Крушево,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности-Охрид ,

-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Струга,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Кичево,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Дебар,
-Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Македонски Брод,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности-Тетово

- Подрачно одделение – Регионалнен центар за управување со кризи Гостивар

После алинеја два „- Одделение за оперативна координација, подготвка на субјектите во Системот за управување со кризи и евиденција на ресурси" , а пред алинеја три „Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности Регионален центар за управување со кризи Град Скопје", се додава нова алинеја која

гласи:
„- Одделение за организирање на ситем за командување со инциденти – NIKS"

## Член 3

Во Член 12 после „- Одделение за оперативна координација, подготвка на субјектите во Системот за управување со кризи и евиденција на ресурси" , а пред „Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности Регионален центар за управување со кризи Град Скопје", се додава ново одделение кое гласи:

**„- Одделение за организирање на ситем за командување со инциденти – NIKS"**

Одделението е надлежно за извршување на следните работи и задачи:

- Организира непосреден дигитален контакт преку NICS платформа на корисиниците го остварува со давателот на советодавни услуги и како резултат на таквата поставеност, одделението организира давателот на советодавни услуги да биде восуштинската врска преку која што се трансферира целокупната ситуација од терен до надлежното инстуционално ниво, а оттаму со помош на дефинирани дигитални механизми и процеси од NICS системот му се обезбедува на корисникот соодветна стручна помош.
- Организира и воспоставува релации помеѓу давателот на советодавни услуги и корисникот втемелени на взаемна доверба и постојани контакти што резултира со релевантни дигитални податоци за конкретниот корисиник и преку систематска обработка на тие податоци од страна на стручни лица во системот, се продуцира ефикасно и ефективно применливо решение, совет, информација, извештај итн.
- Организира дигитална транспарентност во реално време на советодавната услуга на Системот за управување со кризи кон граѓаните како и кон определени целни групи (донесувачи на одлуки, медиуми, сили и структури за реакција). Со наведеното одделението се става во функција на реализација на Програмата за работа и општите цели на инстутуцијата која во севкупните општествени околности во нашата држава и законската регулатива ја имаат обликувано институцијата во национална советодавна служба во Република Северна Македонија како водечка институција во давањето на услуги.
- Организира водење на дигитална работна карта на национално ниво за потребите на Главниот штаб За управување со кризи, Групата за процена и Управувачкиот Комитет.
- Организира изработка на дигитална оперативна анализа за дневни настани и појави која се однесува на определување на карактеристиките на ризикот или појавениот инцидент од настанувањето, справувањето, ескалирањето се до елиминирањето на опасноста и изработка на извештај за инцидентот со користење на NICS
- Организира дигитално следење на дневните настани за сите ризици и опасности кои настанале во последните 24 часа во државата, и организира оперативна

координација за одговор на ескалирање на инцидентите со користење на NICS,

- Ја организира работата за водење на дигитални работни карти за потребите на Регионалните штабови за управување со кризи;
- Организира и спроведува задачи во делот на внес, ажурирање на дигиталните податоци (леери) за карактеристики на теренот, инфраструктурата, објектите, демографијата, ресурсите итн. од интерес за кризниот менаџмент, како и нивно просторно прикажување и употребливост во NICS,
- ги следи прописите во врска со дигиталното водење на оперативните активности од областа на кризниот менаџмент и организира надградба на NICS;
- оеганизира и спроведува стручно-оперативни работи, преку анализи на дигиталниот внес на податоци во NICS од страна на субјектите на системот во управување со кризи.
- Во услови на случени инциденти (настани и појави) организира извршување на работи и задачи во посебни услови за работа во смена и на терен;
- Организира и креира кориснички привилегии за претставниците на системот за управување со кризи на национално и локално ниво во време на случување на инцидентот;
- интегрира податоци од базата на податоци за водење на инциденти;
- овозможува развој на системот и спроведување на NICS стручни обуки (кориснички и администраторски) за субјектите на системот за управување со кризи;

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр.** 01-2531/16
1 3 -12- 2021 **2021 година.**

**ДИРЕКТОР**
**Стојанче Ангелов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ-QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA СКОПЈЕ-SHKUP

Прилог:
Органограм

